КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BASKETBALL FEDERATION OF NORTH MACEDONIA

FIBA
We Are Basketball

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-333/1
10.06. 2019 год.

**До: Целата кошаркарска и спортска јавност**
**Предмет: Појаснување**

Согласно статутарната обврска на претседателот на КФСМ да врши постојана грижа за извршување на одлуките на Управниот одбор и на Собранието, односно за тоа дали лицата ангажирани од страна на КФСМ стручно, квалитетно и целосно ги исполнуваат обврските кои ги преземале спрема Федерацијата, од овие причини во конкретниот случај по добиени поплаки за работата и постапувањето на селекторот Михаил Наумовски, бев приморан времено да го суспендирам од вршењето на работата - Селектор на М18 машката репрезентација ѝ да и наложам на Комисијата за стручност да изврши вонредна анализа на неговата работа и да ги утврди фактите и за тоа да го извести Управниот одбор, кој согласно статутот е надлежен да носи конечни одлуки по однос на селекторите на репрезентациите.

Напоменувам дека селекторот Михаил Наумовски не е разрешен од функцијата селектор, туку е само времено суспендиран, а се до добивање на извештајот од соодветната комисија и до донесување на конечна одлука на Управниот одбор за овој случај. Со оглед дека селекторот е ангажиран со облигационен договор и истиот не е во работен однос во Федерацијата, против ваквата моја одлука не е предвидено изјавување на приговор согласно закон. Очигледно е дека сѐ уште некои лица кои се ангажирани од претходното раководство, наместо да создаваат позитивна атмосфера за кошарката, повеќе сакаат да создаваат забуни во јавноста и со тоа да креираат погрешна слика за работа на новото раководство, притоа гледајќи го само својот личен интерес, наместо интересот на кошарката.

Со почит,

Перо Антиќ
Претседател на КФСМ

St. Makedonija 11-A, 1000 Skopje, North Macedonia - Tel/Fax: +38922464988; e-mail: contact@basketball.org.mk
КФСМ канцеларија/ BFNM office